Врз основа на член 37-е и член 37-и од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РСМ“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019, 275/2019, 82/2020, 89/2022, 274/2022 , 208/2024), член 9, член 41 и член 44 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РСМ“ бр. 144/2025), како и член 22 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на РСМ“ бр. 62/2005 ... 111/2023 , 93/2024, 39/2025, 74/2025, 124/2025), Директорот на МЈП ПЕЛАЛИНК Битола објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС БР 01/2025

За вработување на даватели на услуги на неопределено време за следното работно место:

1. **Возач на автобус за јавен превоз (КДР 03 05 Б02 116)**, 2 (два) извршители.

Превозот ќе се обавува на територијата на Општина Битола, Општина Новаци, Општина Могила во зависност од потребите на претпријатието.

2. **Помлад возач на автобус за јавен превоз (КДР 03 05 Б04 069)**, 2 (два) извршители.

Превозот ќе се обавува на територијата на Општина Битола, Општина Новаци, Општина Могила во зависност од потребите на претпријатието.

Општи услови

1. Државјани на Република Македонија
2. Активно користење на македонскиот јазик
3. Да имаат општа здравствена способност за работното место
4. Со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност

Посебни услови

1. Минимум стручни квалификации под реден број 1 и 2: 240 ЕЦВЕТ/МКСОО
2. Минимум работно искуство на струката под реден број 1: 2 години работно искуство
3. Минимум работно искуство на струката под реден број 2: со или без искуство
4. Возачка дозвола под реден број 1 и 2: категорија Д

Работната недела трае **пет работни дена**, од понеделник до петок, со **полно работно време од 40 часа неделно.** Имајќи ја во предвид спецификата на работата, и потребите за превоз на учениците во смени, работното време започнува во зависност од должината на релацијата, а релацијата се изведува според возниот ред. Ефективното работно време во текот на денот трае не подолго од 8 часа.

Основната месечна плата за работното место изнесува **29.504 денари**. Согласно Годишниот план за 2025 година, се предвидува вработување на 4 (четири) извршители.

Постапката за селекција на кандидати вклучува:

- административна проверка на внесените податоци во пријавата;
- проверка на приложените документи за исполнување на условите утврдени со огласот;
- интервју со пријавените кандидати кои ги исполнуваат сите критериуми.

Јавниот оглас трае **15 (петнаесет) дена**, сметано од денот на неговото објавување во дневен печат, во три дневни весници, од кои најмалку еден се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Документи кои кандидатите треба да ги достават за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар се следниве:

-Уверение за државјанство
-Извод од матична книга на родени
-Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност
-Лекарско уверение за возач на соодветнта возачка категорија
-Диплома за завршено соодветно образование
-Потврда за работно искуство
-Пополнета пријава завработување
-Копија од возачка дозвола

Образецот на пријавата може да се подигне секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот во просториите на МЈП Пелалинк Битола (поранешно радио Битола) ул. Томаќи Димитровски 7/1 Битола

Пријавите заедно со комплетната документација се поднесуваат лично, во просториите на МЈП Пелалинк Битола (поранешно радио Битола) ул. Томаќи Димитровски 7/1 Битола

Јавниот оглас дополнително ќе биде објавен и на веб-страниците на Општина Битола, Општина Могила и Општина Новаци.